**Народна банка на Република Северна Македонија**
**Дирекција за статистика**

Скопје, 31 мај 2022 година

## Соопштение за печат

## Позначајни движења кај останатите финансиски институции[1,2] (ОФИ): прв квартал на 2022 година

- **Во првиот квартал од 2022 година, вкупните средства на останатите финансиски институции (ОФИ) достигнаа ниво од 168.858 милиони денари**, што претставува квартален раст од 3.267 милиони денари. Најголемиот дел од средствата на ОФИ им припаѓаат на пензиските фондови и на осигурителните друштва, со учество од 65,3% и 18,0%, соодветно.

- **Овој квартал, вкупните средства на останатите финансиски институции (ОФИ) се зголемија за 2,0% на квартално ниво и за 15,4% на годишно ниво.** Најголем придонес кон растот по двете основи имаат повисоките средства на пензиските фондови, при позитивни движења забележани и кај средствата на останатите потсектори.

Табела 1. Вкупни средства/обврски на ОФИ[3]

| | Кв.1 2021 | Кв.4 2021 | Кв.1 2022 | Квартални промени | | Годишни промени | | Структура (Вкупно ОФИ) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | Кв.1 2022/Кв.4 2021 | | Кв.1 2022/Кв.1 2021 | | |
| | *Состојби, во милиони денари* | | | *милиони денари* | *%* | *милиони денари* | *%* | *%* |
| **1. Останати финансиски институции** | **146,282** | **165,591** | **168,858** | **3,267** | **2.0** | **22,576** | **15.4** | **100** |
| 1.2 Пензиски фондови | 94,888 | 108,675 | 110,320 | 1,645 | 1.5 | 15,432 | 16.3 | 65.3 |
| 1.1 Осигурителни друштва | 27,644 | 29,378 | 30,384 | 1,006 | 3.4 | 2,740 | 9.9 | 18.0 |
| 1.3 Инвестициски фондови | 9,712 | 11,673 | 11,763 | 90 | 0.8 | 2,050 | 21.1 | 7.0 |
| 1.4 Други ОФИ | 14,037 | 15,866 | 16,390 | 524 | 3.3 | 2,354 | 16.8 | 9.7 |
| 1.4.1 Финансиски друштва | 5,741 | 7,055 | 7,266 | 211 | 3.0 | 1,525 | 26.6 | 4.3 |
| 1.4.2 Лизинг друштва | 6,401 | 6,790 | 6,974 | 184 | 2.7 | 573 | 9.0 | 4.1 |
| 1.4.3 Друштва за управување со пензиски и инвестициски фондови | 1,895 | 2,020 | 2,150 | 130 | 6.4 | 255 | 13.5 | 1.3 |

Извор: НБРСМ.

[1] Во останатите финансиски институции се вклучени: инвестициските фондови, пензиските фондови, осигурителните друштва, друштвата за управување со инвестициските фондови и друштвата за управување со пензиските фондови, финансиските друштва и друштвата даватели на финансиски лизинг.

[2] Во август 2018 година е направена ревизија на податоците за првиот квартал на 2018 година заради примената на нова методологија согласно со новиот Прирачник и новото Упатство за монетарна и финансиска статистика на ММФ од 2016 година. Клучни се две промени. Првата се однесува на промената на третманот на финансиските инструменти деноминирани во денари со валутна клаузула, коишто согласно со новата методологија од категоријата „денари" се прераспределени во категоријата „странска валута". Втората промена е во прикажувањето на исправката на вредноста на финансиските инструменти, којашто наместо во капиталот се прикажува во рамките на категоријата „останати обврски". За повеќе информации види на следнава врска:
http://www.nbrm.mk/content/statistika/informacii/Informacija_za_promeni_vo_monetarnata_statistika_mk.pdf

[3] За потребите на ова соопштение, во категоријата „Други ОФИ" се опфатени: друштвата за управување со инвестициските фондови и друштвата за управување со пензиските фондови, финансиските друштва и друштвата даватели на финансиски лизинг.

- **Најзначајни инструменти на страната на средствата на ОФИ** се вложувањата во должнички и сопственички хартии од вредност[4] (учество од 49,1% и 25,8%, соодветно), како и вложувањата во валути и депозити (учество од 11,5%). **Анализирано на страната на обврските на ОФИ,** најголемиот дел се однесуваат на обврските врз основа на техничките резерви на осигурување[5] и капиталните сметки[6] (учество од 55,7% и 35,4%, соодветно).

Табела 2. Средства/обврски на ОФИ, по потсектори и по финансиски инструменти, кв.1 2022

| | **Вкупно ОФИ** | | **Пензиски фондови** | | **Осигурителни друштва** | | **Инвестициски фондови** | | **Други ОФИ** | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **состојба (во мил. ден.)** | **учество (во %)** | состојба (во мил. ден.) | учество (во %) | состојба (во мил. ден.) | учество (во %) | состојба (во мил. ден.) | учество (во %) | состојба (во мил. ден.) | учество (во %) |
| **Вкупни средства** | **168,858** | | **110,320** | | **30,384** | | **11,763** | | **16,390** | |
| Валути и депозити | 19,387 | **11.5** | 7,825 | 7.1 | 6,668 | 21.9 | 3,650 | 31.0 | 1,244 | 7.6 |
| Хартии од вредност различни од акции | 82,952 | **49.1** | 66,477 | 60.3 | 12,509 | 41.2 | 2,926 | 24.9 | 1,040 | 6.3 |
| Кредити | 11,797 | **7.0** | 0 | - | 186 | 0.6 | 1 | 0.0 | 11,609 | 70.8 |
| Акции и останат сопственички капитал | 43,492 | **25.8** | 35,994 | 32.6 | 2,172 | 7.1 | 5,180 | 44.0 | 146 | 0.9 |
| Технички резерви на осигурување | 2,411 | **1.4** | 0 | - | 2,411 | 7.9 | 0 | - | 0 | - |
| Финансиски деривати | 0 | **-** | 0 | - | 0 | - | 0 | - | 0 | - |
| Останати средства | 5,687 | **3.4** | 25 | 0.0 | 5,066 | 16.7 | 5 | 0.0 | 590 | 3.6 |
| Нефинансиски средства | 3,131 | **1.9** | 0 | - | 1,372 | 4.5 | 0 | - | 1,759 | 10.7 |
| **Вкупни обврски** | **168,858** | | **110,320** | | **30,384** | | **11,763** | | **16,390** | |
| Кредити | 8,725 | **5.2** | 0 | - | 22 | 0.1 | 0 | - | 8,703 | 53.1 |
| Технички резерви на осигурување | 94,097 | **55.7** | 75,659 | 68.6 | 18,438 | 60.7 | 0 | - | 0 | - |
| Финансиски деривати | 0 | **-** | 0 | - | 0 | - | 0 | - | 0 | - |
| Останати обврски | 6,177 | **3.7** | 122 | 0.1 | 3,210 | 10.6 | 135 | 1.2 | 2,710 | 16.5 |
| Капитални сметки | 59,858 | **35.4** | 34,539 | 31.3 | 8,714 | 28.7 | 11,627 | 98.8 | 4,977 | 30.4 |

Извор: НБРСМ.

- **Од аспект на инструментите, на страната на средствата**, кварталниот раст главно се должи на зголемените вложувања во должнички хартии од вредност (најголем дел државни должнички хартии од вредност во денари). Вложувањата во должнички хартии од вредност се и главен носител на годишниот раст, при дополнителен позитивен придонес и на сопственичките хартии од вредност. На страната на обврските, кварталниот раст во најголем дел произлегува од зголемените технички резерви на осигурување, при раст и на останатите обврски, а во услови на забележан пад кај капиталните сметки. Годишниот раст во најголем дел е резултат на повисоките технички резерви на осигурување, како и на капиталните сметки.

[4] Должничките хартии од вредност (ДХВ) се однесуваат на хартиите од вредност различни од акции согласно со меѓународната класификација на финансиските инструменти, како што е објавено во билансите и прегледите на останатите финансиски институции.
[5] Техничките резерви на осигурување содржат: нето-капитал на домаќинствата во резерви од животно осигурување, нето-капитал на домаќинствата во пензиските фондови и претплатени премии и резерви наспроти книговодственото побарување (неживотното осигурување).
[6] Капиталните сметки ги опфаќаат: сопственичките вложувања, задржаната добивка, добивката од тековната година, општата и посебната резерва и вредносните приспособувања.







Извор: НБРСМ.

## Позначајни движења кај ОФИ, по видови институции

- **Вкупните средства на пензиските фондови (задолжителни и доброволни),** во првиот квартал на 2022 година, бележат квартално и годишно зголемување од 1,5% и 16,3%, соодветно. Должничките хартии од вредност имаат поизразен придонес кон растот по двете основи, при дополнителен позитивен придонес кон годишната промена и на сопственичките хартии од вредност. Надолни движења на квартална основа се забележани кај останатите побарувања, а на годишна основа кај валутите и депозитите на пензиските фондови. На страната на обврските, кварталниот раст е резултат на зголемените технички резерви, во услови на забележан пад на капиталните сметки. Годишниот раст, главно произлегува од техничките резервите на осигурување, при дополнителен позитивен придонес и на повисоките капитални сметки.




Извор: НБРСМ.

- **Средствата на осигурителните друштва[7],** во првиот квартал на годината, се зголемија за 3,4% на квартално ниво. Нагорната промена, во најголем дел е резултат на останатите побарувања, а позитивно влијание имаа и останатите инструменти, со исклучок на сопственичките хартии од вредност, коишто оствариja пад. Годишниот раст од 9,9% главно се должи на повисоките вложувања во државни должнички хартии од вредност, при позитивен придонес и на останатите побарувања и вложувањата во сопственички хартии од вредност. По три квартали намалување, овој квартал, валутите и депозитите на осигурителните друштва бележат позитивни остварувања на годишна основа. На страната на обврските, растот на квартална основа е одраз на речиси еднаквиот прираст на останатите обврски и на техничките резерви на осигурување, при забележан пад на капиталните сметки. Растот на годишно ниво во најголем дел се објаснува со техничките резерви на осигурување, а во помала мера и со капиталните сметки.



Извор: НБРСМ.

- **Вкупните средства на инвестициските фондови[8] ,** во првиот квартал, бележат мал квартален раст од 0,8%, под влијание на валутите и депозитите, како и вложувањата во сопственички хартии од вредност, а во услови на остварен пад кај вложувањата во странски должнички хартии од вредност. Споредено на годишна основа, средствата на инвестициските фондови се повисоки за 21,1%, пред сè поради зголемените вложувања во сопственички хартии од вредност (на нерезиденти), при помал, но позитивен придонес и на валутите и депозитите. На страната на обврските, промената на квартална основа во најголем дел се должи на растот кај останатите обврски, додека годишната промена речиси во целост произлегува од зголемените капитални сметки.

[7] НБРСМ тековно ја известуваат сите шеснаесет осигурителни друштва коишто се вклучени во регистарот на Агенцијата за супервизија на осигурувањето (АСО), од кои единаесет за неживотно осигурување и пет за животно осигурување.
[8] Во регистарот на Комисијата за хартии од вредност (КХВ), тековно се опфатени дваесет отворени и девет приватни инвестициски фондови, при што во податоците тековно се опфатени дваесет и осум фондови.




Извор: НБРСМ.

- Во првиот квартал од 2022 година, **вкупните средства на другите ОФИ**[9,10,11] бележат квартално и годишно зголемување од 3,3% и 16,8%, соодветно. Вкупната кредитна активност на финансиските друштва и друштвата за лизинг, на крајот на првиот квартал од 2022 година, изнесува 11.596 милиони денари, од кои 6.502 милиона денари се на финансиските друштва, а 5.095 милиони денари на друштвата за лизинг. Кварталната и годишната стапка на раст на кредитите на овие два сектора изнесува 1,8% и 19,3%, соодветно, во најголем дел поради зголеменото кредитирање на финансиските друштва. На страната на обврските, најголем придонес кон кварталниот раст имаат останатите обврски и обврските врз основа на кредити. Годишното зголемување е одраз на сите компоненти: обврските врз основа на кредити, капиталните сметки и останатите обврски, поизразено кај кредитите.




Извор: НБРСМ.

---

[9] Почнувајќи од првиот квартал на 2014 година, вклучени се податоците за новите известувачи финансиските друштва и друштвата даватели на финансиски лизинг. Во податоците тековно се опфатени триесет и едно финансиско друштво и седум друштва даватели на финансиски лизинг.

[10] Во четвртиот квартал на 2017 година во сериите податоци е вклучено ново финансиско друштво (штедилница којашто се пререгистрира во финансиско друштво), промена којашто има влијание врз годишните стапки на промена.

***

## Ревизии на податоци

Податоците за движењата кај ОФИ во ова соопштение содржат ревизии на податоците за периодот од првиот до четвртиот квартал од 2021 година, поради добивање нови, коригирани информации и податоци од известувачите, како и подобар опфат на известувачите. Овие ревизии не предизвикаа значителни промени кај претходно објавените податоци и главно произлегуваат од подобрениот опфат и квалитет на известувањата.

## Придружни информации

Временски серии податоци: Квартални податоци за средствата и обврските на финансиските институции
http://nbrm.mk/ns-newsarticle-bilans-i-pregledi-na-finansiskite-institucii-kvartalni-podatoci.nspx

Методолошки објаснувања:
http://nbrm.mk/content/statistika/Monetarna%20statistika/metodologija/Metodologija_monetarna_07_2018_mak.pdf

Информација за методолошки измени во монетарната статистика, статистиката на останатите финансиски институции и статистиката на каматните стапки: http://www.nbrm.mk/content/statistika/informacii/Informacija_za_promeni_vo_monetarnata_statistika_mk.pdf

Следни објавувања: Календар на објавување податоци
http://www.nbrm.mk/content/statistika/kalendar/Kalendar_na_objavuvanje_podatoci.pdf

Квартални податоци за средствата и обврските на финансиските институции: 31 август 2022 година (референтен пресек заклучно со втор квартал на 2022 година).

За новинарски прашања, ве молиме контактирајте со лицата од Кабинетот на гувернерот.

За подетални информации во врска со објавените статистички податоци, побарајте нè на: contact.statistika@nbrm.mk или на телефонскиот број 02 3215 181 локал 116 (или 112/ 110/ 108).